
„НИСКОГРАДБА“
БР. 05-2941
04.03.2025 ГОД.
БИТОЛА

Изработува: **КЈП "Нискоградба"-Битола**

Разгледува: **Комисија за Јавни и комунални дејности при Советот на Општина Битола**

Усвојува: **Совет на Општина Битола**

Годишен извештај за работењето на КЈП "Нискоградба"-Битола во 2024 година



Битола, март 2025

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА“ со д.о. БИТОЛА

КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НИСКОГРАДБА
БИТОЛА

КЈП НИСКОГРАДБА

Бр. 05-294/1

04.03.2025 год.
Битола

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за 2024 година

1. Дејности на претпријатието

КЈП Нискоградба – Битола како претпријатие формирано од локалната самоуправа за потребите на градот ги врши следните активности:

- одржување на фекална и атмосферска канализација,
- реконструкција и изградба на канализација и улици,
- одржување на градските улици во летни услови, како и одржување на улиците во зимски услови (зимска служба),
- врши и други работи од доменот на инфраструктурното уредување и дооформување на градски површини, согласно урбанистичките планови и годишните програми на Советот на Општина Битола.

2. Организирање

Од постоењето на претпријатието па се до денес процесот на трудот се вршеше на различни начини преку различни форми, со цел да се остваруваат поповолни резултати во извршувањето на работата. Денес процесот на трудот на претпријатието се извршува преку следните сектори, одделенија и оддели:

2.1 Сектор за Општи и правни работи и човечки ресурси

- Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси
- Одделение за јавни набавки

2.2 Сектор за Финансии, сметководство и комерција

- Одделение за финансиско сметководствени работи
- Одделение за комерција

Комунално јавно претпријатие НИСКОГРАДБА БИТОЛА

2.3. Сектор за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта и механизација

- Одделение за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта
- Одделение за механизација
- Оддел за припрема, проектирање и развој

Обавувајќи ја работата во секторите, одделенијата и одделот, работниците, работоводниот орган и раководителите меѓусебно се договараат за процесот на трудот со цел за што поуспешно остварување на резултатите од трудот и работењето на претпријатието.

3. Квалификациона структура

Успешното извршување на поставените задачи во работењето зависи и од квалификационата структура на вработените.

Квалификационата структура на редовно вработените на 31.12.2024 година е следна:

Пол	М-Р	ВСС	ССС	НСС	Вкупно
мажи	/	10	62	36	108
жени	2	9	15	2	28
вкупно	**2**	**19**	**77**	**38**	**136**

Од оваа табела може да се види дека со завршена магистратура имаме 2 вработени, со ВСС има 19 вработен и со средна стручна спрема имаме 77 вработени, додека со ниска стручна спрема ВКВ, КВ, ПК има 38 вработени или 136 вкупен број на вработени на 31.12.2024 година.

4. Управување

Во КЛП "Нискоградба"-Битола , органи на управување се :

1) Управен одбор
2) Одбор за контрола на материјално - финансиско работење
3) Директор

1) Управниот одбор се состои од шест надворешни членови во 2024 год. кои ги избира Советот на Општина Битола. Управниот одбор работи на седници кои ги свикува претседателот, а во негово отсуство и потпретседателот.

2) Одбор за контрола на материјално – финансиското работење е составен од пет члена кои ги одредува Советот со свој акт.

3) Со работата на претпријатието раководи Директор кој го именува (избира) Градоначалникот на Општина Битола.

За остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците се формираат помошни тела – комисии, кои можат да бидат постојани и повремени. Директорот на претпријатието како свое советодавно тело формира стручен колегиум кој претставува советодавен, стручен и оперативен орган.

5. Финансов дел

Деловната 2024 година, КЈП "Нискоградба"-Битола ја заврши со загуба од 21.691.820,00 денари.

Табела 1: Структура на остварени приходи во 2024 година споредено со истите во 2023 година

ред. бр.	ПРИХОДИ	Остварени 2023 (3)	Планирани 2024 (4)	Остварени 2024 (5)	Индекс 5 : 3	Индекс 5 :4
1	2	3	4	5	6	7
1	Приходи од услуги	65,545,366.00	65,000,000.00	48,105,798.00	0,73	0,74
2	Приходи од канализација	67,787,637.00	79,500,000.00	71,369,526.00	1,05	0,90
3	Приходи од употреба на сопствени производи	2,076,647.00	3,000,000.00	2,303,207.00	1,11	0,77
4	Приходи од камати	622,417.00	800,000.00	865,235.00	1.39	1.08
5	Останати приходи од работењето	1,054,655.00	500,000.00	225,032.00	0.21	0,45
6	Приходи од донации	450,000.00	-	-	-	-
7	Други деловни приходи	50,516.00	100,000.00	215,844.00	4,27	2,16
	Вкупно	**137,587,238.00**	**148,900,000.00**	**123,084,642.00**	**0,89**	**0,83**

Во горната табела даден е индексот на остварените приходи во 2024 година споредени со остварените за 2023 година и индексот на остварените приходи во 2024 година споредени со планираните за 2024 година. Во 2024 година остварени се вкупни приходи за 25,815,358.00 денари помалку од планираните. Приходите од услуги се намалени во споредба со планираните за 26% или во вредност искажани за 16,894,202.00 денари.

Комунално јавно претпријатие "НИСКОГРАДБА" со Л.О. БИТОЛА

Во 2024 година приходите од канализација се намалени во сооднос на планираните, истите искажани во вредност се намалени за 8,130,474.00 денари. Ова намалување на приходите од канализација согласно нашите анализи се должи како резултат на ниската цена за одведување на води, заштедата на потрошена вода од страна на граѓаните и многу затворени станбени објекти согласно зголеменото иселување на граѓаните во општината.

Видно од табела 1 вкупните приходи остварени во 2024 година, споредени со остварените приходи од 2023 година, намалени се за 11 % односно за 14,502,596.00 денари.

Оваа разлика најповеќе се должи од приходи од услуги , приходите од услуги намалени се за 27 % во споредба со 2023 година или поточно истите намалени се за 17,5 милиони денари.

Остварените приходи од канализација во 2024 година зголемени се само за 5% или за 3,5 милиони денари споредени со истите во 2023 година.

Оваа година приходите од употреба на сопствени производи се скоро идентични со остварените приходи во претходната 2023 година. Овие приходи изнесуваат 2,303,207.00 денари и се остварени приходи од изградба на нова и реконструкција на веќе постоечка канализациона мрежа изградена од сопствени средства со што се зголемуваат и основните средства (канализационата мрежа) на претпријатието.

Приходите од камати се однесуваат за пресметани камати за закаснети плаќања на сметки од граѓани за надоместок за канализација и камати за закаснети плаќања од правни лица и истите се зголемени за 39 % споредено со 2023 година и изнесуваат 865,235,00 денари.

Останатите приходи од работењето намалени се за 79% споредено со 2023 година. Овој вид на приход го сочинуваат приходите од наплатени штети од Осигурителни друштва(рефундација), приходи од наплатени судски и нотарски такси, приходи од рефундација на плати и дополнителни приходи од минати години и истите во 2024 година изнесуваат 225,032.00 денари.

Во други деловни приходи влегуваат приходите од отпис на обврски и други деловни приходи и истите изнесуваат 215,844.00 денари.

Во структурата на вкупниот приход со најголем процент учествуваат приходите од канализација од правни и физички лица и тоа со 56 % и приходите од услуги со 37 %.

Приходите од услуги ги сочинуваат приходите од услуги кон Општина Битола и услуги кон трети лица. Во прегледот подолу дадена е структурата на приходи од извршени услуги.

Комунално јавно претпријатие "НИСКОГРАДБА" со д.о. БИТОЛА

Табела 2:Структура на вкупните приходи од извршени услуги во денари

ред. бр.	Извршени работи	Извршено 2023	Планирано 2024	Извршено 2024	Индекс 5 : 3	Индекс 5 : 4
1	2	3	4	5	6	7
1	Изградба на нова канализација	34,641,827.00	28,075,160.00	16,708,576.00	0.48	0.72
2	Одржување на улици	5,659,471.00	8,500,000,00	7,468,521.00	1.32	0.88
3	Поставување на сообраќајни знаци					
4	Зимска служба	11,205,007.00	14,500,000.00	10,428,285.00	0.93	0.72
5	Чистење на реки	1,424,840.00	1,424,840.00	1,497,926.00	1.05	1.05
6	Друга реализација	5,355,580.00	5,500,000.00	3,217,658.00	0.60	0.55
7	Сектор –општински инспекторат	1,587,841.00	1,500,000,00	1,084,751.00	0.68	0.72
8	**Вкупно за Општина Битола**	**59,874,566.00**	**59,500,000.00**	**40,405,717.00**	**0.67**	**0.73**
9	Извршени услуги за трети лица	5,670,800.00	5,500,000.00	7,700,081.00	1.36	0.80
10	**Вкупно реализација од услуги**	**65,545,366.00**	**65,000,000.00**	**48,105,798.00**	**0.73**	**0.74**

Од горната табела може да се види дека за Општина Битола извршени се услуги во 2024 година во вредност од 40,405,717,00 денари (без ДДВ) што е за 33 % помалку од извршените услуги во 2023 година.

За други правни и физички лица извршени се услуги во вредност од 7,700,081.00 денари што е за 36 % повеќе од извршените услуги во 2023 година.

Во 2024 година од вкупните приходи за услуги кон Општина Битола , приходите од изградба и реконструкција на канализациона мрежа намалени се за 52 % во споредба со истите во 2023 година.

Приходите за одржување на улици изнесуваат 7,468,521.00 денари и во оваа група на приходи влезени се приходите од санација на ударни дупки со асфалт и коцка , стабилизација на банкини и др.

Приходите од зимска служба изнесуваат 10,428,285.00 денари и се намалени за 7% споредено со 2023 година , истите зависат од временските услови и количеството на врнежи од снег во тековната година.

Приходите од чистење на реки во 2024 година се скоро исти со приходите од 2023 година и изнесуваат 1,497,926.00 денари.

Приходите по основ на задолженија од општински инспекторат изнесуваат 1,084,751.00 денари.

Преглед на трошоците на работењето по видови за 2024 год. спордени со истите во 2023 година

Вид на расход	Остварени расходи 2023	Планирани расходи 2024	Остварени расходи 2024	Индекс 4 : 2	Индекс 4 : 3
1	2	3	4	5	6
Потрошени суровини и материјали	16,926,579.00	16,000,000.00	12,703,338.00	0.75	0.79
Потрошена енергија	4,425,962.00	4,500,000.00	3,871,764.00	0.87	0.86
Отпис на ситен инвентар	667,848.00	500,000.00	813,930.00	1.22	1.63
Поштенски, телефонски GPJ и интернет услуги	759,587.00	850,000.00	888,322.00	1.17	1.05
Услуги за одржување на опремата	2,356,999.00	2,000,000.00	3,748,102.00	1.59	1.87
Услуги за обезбедување на имотот	716,935.00	750,000.00	863,161.00	1.20	1.15
Закупнина	163,913.00	150,000.00	80,000.00	0.49	0.53
Комунални услуги	195,913.00	200,000.00	162,006.00	0.83	0.81
Производни услуги	6,104,200.00	6,000,000.00	2,935,553.00	0.48	0.49
Услуги за читање на водомери	1,236,000.00	1,236,000.00	1,236,000.00	1.00	1.00
Услуги од агенции за вработување	5,721,056.00	3,000,000.00	1,762,537.00	0.31	0.59
Бруто плати	70,651,547.00	81,000,000.00	83,379,266.00	1.18	1.03
Амортизација	12,515,925.00	12,500,000.00	11,769,992.00	0.94	0.94
Останати трошоци на вработените регрес, отпремнина и помошти	4,392,609.00	5,000,000.00	5,239,523.00	1.19	1.05
Дневници за службен пат	400,997.00	500,000.00	585,365.00	1.46	1.17
Надомести на трошоци на вработените и подароци	151,025.00	1,000,000.00	1,024,457.00	6.78	1.02
Трошоци за Управен и Надзорен Одбор	935,396.00	1,100,000.00	828,942.00	0.89	0.75
Реклами,донации,репрезентацијаи Спонзорство	2,404,250.00	2,200,000.00	2,150,753.00	0.89	0.98

Премии за осигурување	1,504,167.00	1,800,000.00	2,364,283.00	1.57	1.31
Банкарски услуги и платен промет	705,828.00	750,000.00	831,280.00	1.18	1.11
Даноци кои не зависат од резултат админи., судски и др. Давачки	536,796.00	550,000.00	281,361.00	0.52	0.51
Останати трошоци од работењето	2,016,533.00	2,000,000.00	1,295,072.00	0.64	0.65
Отпис на побарувања	140,472.00	3,100,000.00	4,738,811.00	33.73	1.53
Казни,пенали и надомести на штети од дејноста	219,209.00	200,000.00	466,296.00	2.13	2.33
Дополнително утврдени расходи од минати години	875,291.00	800,000.00	351,237.00	0.40	0.44
Камати од рабоењето со неповрзани друштва	503,134.00	500,000.00	405,111.00	0.81	0.81
ВКУПНО :	**137,246,171.00**	**148,186,000.00**	**144,776,462.00**	**1.05**	**0.98**

Од табеларниот преглед погоре се гледа дека вкупните расходи од работењето во 2024 се зголемени за 5% во споредба со остварените расходи во 2023 година.

-Кај потрошените суровини и материјали има намалување од 25 % во споредба со овие трошоци од 2023 година. Потрошокот на материјали остварен е за изведување на градежните работи и истите зависат од обемот и видот на извршените работи. Дел од овие материјали потрошени се за поправки и одржување на канализационата мрежа во градот и истите паѓаат на терет на претпријатието. Во оваа група на трошоци влегуваат и потрошените канцелариски материјали, потрошените средства за чистење и одржување и други материјали кои се незначителни во споредба со градежните материјали. Намалувањето на трошокот за потрошени суровини матријали во споредба со 2023 година се должи на помал обем на изградба на нова канализација и други градежни работи.

-Потрошената енергија, гориво и мазиво во 2024 година споредено со потрошувачката во 2023 година покажува намалување за 13% што е резултат на стабилизација на пазарот на енергенсите, зголемената контрола на потрошувачката и домаќинското работење на претпријатието.

-Трошоците за поштенски, телефонски, интернет и GPS услуги зголемени се за 17% во споредба со истите во 2023 година.

- Трошоците за тековно одржување на опремата зголемени се 59 % во споредба со остварените во 2023 година или истите се зголемени за 1,391.103,00 денари.

- Трошоците за обезбедување на имот покажуваат зголемување од 20% споредено со минатата година.

- Трошоците за закупнината изнесуваат 80,000.00 и се намалени за 51 % споредбено со минатата година.

Комунално претпријатие "НИСКОГРАДБА" со д.о. БИТОЛА

- Трошоците за комунални услуги се намалени за 17 % споредено со истите во 2023 година.

-Трошоците за производни услуги споредени со 2023 година покажуваат намалување од 52 %, односно намалени се за 3.168.647,00 денари. Во оваа група влегуваат трошоците за подизведувачи, регистрација на возила и останати услуги.

-Трошоците направени за читање на водомерите се идентични со претходната година и согласно со планираното. Секој месец КЈП Нискоградба плаќа надоместок за читање на водомерите од ЈП Водовод и ЈП стрежево за технолошката вода.

- Кај трошокот за услуги од агенции за вработување се забележува намалување од 69 % во однос на претходната година.

-Бруто платите како трошок учествуваат со 57% во вкупните трошоци на претпријатието во 2024 година и истите се зголемени за 18% или за 12.727.719,00 денари споредено со остварените во 2023 година.

-Зголемувањето на трошоците за бруто плати и трошоците за плати на привремено ангажираните лица преку агенција за вработување се должи на покачувањето на платите во 2024 година.

- Согласно сметководствените политики на претпријатието амортизацијата за 2024 година пресметана е по стапки утврдени во номенклатурата за пресметка на амортизација, пресметана е по пропорционален метод и е намалена за 6% или за 745.933,00 денари во споредба со 2023 година.

-Трошоците за регрес, отпремнини и други надоместоци на вработените се исплаќаа според колективниот договор и истите се зголемени за 19% споредени со минатата година.

- Дневниците за службени патувања изнесуваат 585.365,00 денари.

- Надоместоците на трошоци на вработените во 2024 година се зголемени за 873.432,00 денари во споредба со истите од 2023 година.

- Трошоците за Управен и Надзорен одбор се намалени за 11 % во споредба со истите во 2023 година.

-Трошоците за спонзорства, реклами и репрезентација се намалени за 11 % во споредба со 2023 година. Најголем дел од овие трошоци се за спонзорства и донации, културни манифестации, за спортски клубови, спонзорства на синдикатот за тековното работење и дадена помош за лекување по поднесени барања од граѓани по донесени одлуки од Управен Одбор.

-Трошоците за премиите за осигурување во 2024 година зголемени се за 860.116,00 денари во споредба со 2023 година. Истите се зголемени како резултат на зголемувањето на цените на услугите за осигурување.

- Кај трошоците за банкарски услуги и провизии, постои зголемување од 18% во споредба со истите од претходната година.

- Кај ставката данок на имот, чланарини, судски и нотарски такси има намалување од 48% споредено со 2023 година. Трошоците за судски и нотарски такси се наплаќаат од странките при наплата на тужените побарувања и истите се книжат на страната на приходи на претпријатието. Ова значи дека само трошоците на ненаплатените тужби се стварни трошоци на претпријатието.

- Останатите трошоци од работењето намалени се за 36 % во споредба со 2023 година. Тука влегуваат трошоци за адвокатски и нотарски услуги, останати интелектуални услуги, трошоци за извршители, компјутерски услуги и др. услуги кои не зависат од работењето на вработените.

- Согласно сметководствените политики на претпријатието извршени се отписи во износ од 4.738.811,00 денари и тоа на побарувања за надоместок на канализација од физички и правни лица по барање на странките заради застареност, промена на сопственост, исто така се вршат отписи и врз основа на судски и стечајни решенија. Најголем дел од отписите се

Комунално јавно претпријатие НИСКОГРАДБА с.о. БИТОЛА

прават за сторнирани сметки по добиени податоци од ЈП Водовод (еднаш или два пати месечно) заради усогласување на состојбите на водомерите.

- Надомести на штети од дејноста оваа година покажуваат зголемување за 247.087,00 денари.

-Дополнително утврдени расходи од претходни години, ова се трошоци кои не зависат од работењето на претпријатието, станува збор за конто на кое се евидентираат сторнираните сметки и фактури кои се од претходната година, а се изработени по извештај од ЈП Водовод. Кај овие трошоци има намалување од 60 %. споредено со истите во 2023 година.

- Каматите од работењето со неповрзани друштва се намалени за 19 % во споредба со 2023 година.

Анализирајќи ја горната табелата на трошоци очигледно е дека најголеми трошоци направени се за бруто плати , суровини и материјали, гориво, електрична енергија , трошоци за одржување на возилата, производни услуги, амортизација, отпис на побарувања и трошоци за вработените. Другите трошоци кои не се поврзани со процесот на работа не земаат голем процент во целокупните трошоци .

Вкупно остварените трошоци во 2024 се зголемени за 5% во однос на остварените во 2023 година и се скоро идентични со планираните.

Во 2024 година изградена е нова канализациона мрежа и извршени се други градежни работи во општина Битола на следниве улици и населени места:

- Реконструкција на мешовита канализациона мрежа во Г.Оризари

- Реконструкција на канализациона мрежа на ул.Солунска

- Изградба на решетки и сливници во Општина Битола

- Реконструкција на мешовита канализација на дел од улица „Нико Фундали“

- Санација на ударни дупки со асвалт и коцка во Општина Битола

- Санација на дрвени мостови на река „Драгор“ - Општина Битола

- Изработка на 4 канализациони сервисни приклучоци кон „Колекторот“

- Иззградба на атмосверска канализација на дел од ул. „Буковски мост“ бр.27

- Изрботка на приклучоци на реконструирана мешовита канализација на ул. „Стив Наумов“

- Изведување на приклучок во канализација на базен во ОУ - „ДАМЕ ГРУЕВ“

- Изведување на приклучок во канализација на градинка во „Мајчин Дом “

- Реконструкција на банкини со коцка на локален пат за с. „Брусник “

- Зимска служба -2024

- Чистење на река Драгор

- Санација на потпорен зид

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА“ Битола д.о.о.

За изведбени работи кои треба да се реализираат во 2025 година добиени се аванси во 2024 гидина и тоа:

- АВАНС за Реконструкција на канализација на ул. „Панде Кајзеро“

- АВАНС за Изградба на фекална и атмосверска канализација на „БЛР4“ и „БЛР блок2“ (ул. 150,170,210) и

- АВАНС за изградба на фекална и атмосверска канализација на ул. „СТУ 3 АРМ четврт 1“ (со приклучоци)

Реализирана е изградба на канализација од сопствени средства во 2024 година на следниве локации:

- Реконструкција на дефект на канализацијана ул.„Охридска“ и ул. „Мукос“

- Пробивање и санација на дефект на канализациона мрежа на ул. „Брусник“

- Набавка и вградување на капак за тежок сообраќај ул. „Прилепска“ (Макпетрол)

- Прекоп на ул. „Илинденска“ бр.8 и бр.11

- Санација на дефект на канализација ул.14-та и ул. „Девеани“

- Санација на канализациона мрежа на ул. „Девеани“, ул. „Марко Цепенков“ и ул. „Јоаким Крчовски“

- Изработка на одвод за чешма во населба „Стрелиште“

- Реконструкција на мешовита канализација на ул.„12-та“ , ул. „Трифун Пановски“ бр. 20-20а

- Реконструкција на канализација кај СОУ „Таки Даскалот“

Напомена: Трошоците за чистење и одржување на веќе постоечката канализациона мрежа како расход не се книжат на посебна сметка и истите се влезени во збирот на вкупните расходи. Овие трошоци се вкалкулирани во трошоците за материјали, гориво, плати и во некои други материјални и нематеријални трошоци и истите се пресметани со посебни калкулации.

Во 2024 година сопствената инвестиција за изградба на нова и реконструкција на стара канализациона мрежа со интерни ситуации е евидентирана на контото „Приходи од употреба на сопствени производи“ во износ од 2.303.207,00 денари.

Во табела 4 прикажана е разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи и остварениот финансиски резултат. **Во 2024 година остварена е загуба пред оданучување од 21.691.820,00 денари .**

Комунално јавно претпријатие „ИСКОГРАДБА“ Битола

Табела 4 Распределба на вкупните приходи и расходи за 2024 година

	Распределба на доход	2023 година	2024 година
1	Вкупни приходи	137.587.238,00	123.084.642,00
2	Вкупни расходи	137.246.172,00	144.776.462,00
3	Добивка (загуба) пред одданочување	341.066,00	-21.691.820,00
4	Данок од добивка,и непризн.расходи	293.500,00	/
5	Добивка по одданочување	**47.566,00**	/

Во табела бр. 5 прикажани се нето плата, придонеси од плата и персоналниот данок како и просечната нето плата по работник исплатена во 2024 година, споредено со истите податоци во 2023 година.

Табела 5 Структура на платите за 2024 год. споредени со истите во 2023 год.

Опис	*2023 г*	*2024 г.*	*Индекс*
Нето плата	47.157.161,00	55.519.074,00	1.18
Придонеси од плата	19.794.677,00	23.358.578,00	1.18
Персонален данок	3.699.709,00	4.501.614,00	1.22
Просечен број на вработени	131	136	1.04
Просечна нето плата месечно	29.998,00	34.019,00	1.13

Од табела бр.5 може да се види дека кај просечната нето плата по работник има зголемување од 4.021,00 денари во 2024 година споредено со 2023 година.

Табела 6 Преглед на побарувања од купувачи на 31-12-2024 година

Побарувања	*2023г.*	*2024г.*	*индекс*
Од услуги од правни и физички лица	36.106.196,00	27.954.006,00	0.77
Од надоместок за канализа.од правни лица	18.231.606,00	18.971.422,00	1.04
Од надоместок за канализа. од домаќинства	30.950.612,00	29.989.325,00	0.97
Вкупно:	85.288.414,00	76.914.753,00	0.90

Вкупните побарувања од купувачи на 31.12.2024 година изнесуваат 76.914.753,00 денари и истите се за 10% намалени во споредба со 2023 година.

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА" Д.О.О. БИТОЛА

Табела 7 Преглед на обврски од добавувачи на 31-12-2024 година

Обврски	*2023г.*	*2024г.*	*индекс*
Обврски од добавувачи во земјата	7.561.196,00	7.435.102,00	0.98

Обврските кон добавувачи во земјата во 2024 година споредено со 2023 година се намалени за 2 %.

Заклучок

Деловната 2024 година КЈП Нискоградба – Битола ја заврши со загуба пред оданочување од **21.691.820,00** денари. Раководниот тим со своето работење ќе се залага за подобрување на финансиската состојба и одржување на ликвидноста на претпријатието.

Изготвил:
Марица Тодоровска
Советник за финансова оперативна

Контролирал:
Наташа Стојановска
Помошник на директорот за финансиски и правни работи

Директор на КЈП „Нискоградба“ Битола
Зоран Талевски

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА"
БР. 02-267/5
04.03 2025 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 17 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола и член 20 од Деловникот за работа на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола,Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 04.03.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Годишниот извештај за работењето
на КЈП Нискоградба Битола за 2024 година

1.Се донесува Одлука со која во целост се усвојува Годишниот извештај за работењето на КЈП Нискоградба Битола за 2024 година.

2. Истиот се доставува на понатамошно разгледување и усвојување до Советот на Општина Битола.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно законските прописи и Програмата за работа на Советот на Општина Битола, Управниот одбор на претпријатието на својата редовна седница ја разгледа Годишниот извештај за работењето на КЈП Нискоградба Битола за 2024 година и одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ДА СЕ ДОСТАВИ: -архива
-материјали за Управен одбор
- Сектор за финансии, сметководство и комерција

Бр.02-267 /5
04.03.2025 година
Битола

Управен одбор
Претседател
М-р Игор Дранговски

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА" БИТОЛА с.о.

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
БР. 02-266/5
04-03 2025 ГОД.
БИТОЛА

До
Управниот Одбор
на КЈП Нискоградба Битола

ПРЕДМЕТ: Мислење на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење- за Годишниот извештај за работењето на КЈП Нискоградба Битола за 2024 година

Во согласност со член 27 став 3 од ЗЈП и член 7,8 од деловникот за работа на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење при КЈП Нискоградба - Битола, Одборот за контрола на својата седница одржана на 04.03.2024 година го разгледа Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за 2024 година и констатира дека Извештајот ги содржи сите потребни податоци, за да се добие генерална слика за работењето на претпријатието.

Извештајот се проследува до Управниот одбор на понатамошно постапување како соодветно изработен.

Во однос на прикажаните резултати од работењто во наведениот период констатирана е загуба од **21.691.820,00 денари,** а за која причините детално ги образложи Советникот за финансиска оператива. Најпрво беше разгледана приходната страна каде беше констатирано дека во 2024 година остварени се вкупно приходи во износ од 123.084.642,00 денари.

Наспроти остварените приходи остварени се вкупно расходи од 144.776.462,00 денари.Со најголем процент во вкупните трошоци влегуваат трошоците за плати,останати надоместоци на вработените,трошоците за тековно одржување на опремата односно вкупните расходи за 2024 година зголемени се за 5% во споредба со 20323 година.

Севкупно споредени приходите и расходите може да се заклучи дека е остварена загуба од 21.691.820,00 денари.

Годишниот извештај за работењето на КЈП Нискоградба Битола, Одборот за контрола на Материјално финансиското работење даде предлог да биде проследен до Управниот одбор.

04.03.2025 година

Одбор за контрола на материјално финансиско работење

1. Александар Петровски
2. Благој Ристевски
3. Мартина Мишевски
4. Георгина Ружин
5. Јасмина Ристановска

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА“ Битола